ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

ОКТА AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788

www.okta-elpe.com

Тел. +389 2/ 2532 241
e-mail: tveljanovski@helpe.gr

**БАРАЊЕ ПОНУДА Бр. 1420/22**
Дата: **24/11/2022**
Купувач: Т.Вељановски
Рок на доставување: **12/12/2022**

**До:**
e-mail:
Број на страни: 5+1+29

[X] ПОНУДА
[ ] БУЏЕТСКА ПОНУДА

Почитувани,

Ве молиме да ни ја доставите Вашата најдобра понуда за изведување на заварувачко монтажни работи на цевководи и арматура, и Градежни работи на **Резервоари за млазно гориво (034-1; 034-2; 034-3)** во кругот на ОКТА, согласно спецификацијата која ќе Ви биде доставена по Вашата потврда за учество во тендерот.

**Напомена:**
- Сите заинтересирани компании кои сакаат да учествуваат на тендерот потребно е да го потврдат учеството на e-mail адресите: adimitrievski@helpe.gr и tveljanovski@helpe.gr најдоцна до **30.11.2022 год.**

**При евалуација на понудите ќе се земаат во предвид само понудите на компаниите кои го потврдиле учеството на тендерот.**

*Пред доставување на понудите, задолжително е понудувачите да направат увид на резервоарот. Денови предвидени за увид,* ***од понеделник до петок*** *од 09:00 – 15:00 h.*

Лица за контакт во ОКТА за технички прашања:

- Ананиев Виктор моб.**тел.075-343-471**

**Со најповолниот Понудувач ќе се направи Договор за реализирање на бараната услуга.**

## 1 ПОДГОТОВКА И СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА, ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДА

Заинтересираните понудувачи Понудата потребно е да ја достават во надворешен затворен коверт со назнака:

**“НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 1420/22”**
(Наведено во горниот лев агол на ковертот)

Во надворешниот коверт треба да бидат ставени два затворени коверти и тоа:

- Првиот коверт кој ќе ја содржи Техничката документација, треба да биде означен со ознаката **” ТЕХНИЧКА ПОНУДА “** и називот на понудувачот;
- Вториот коверт кој ќе ја содржи Финансиската понуда, треба да биде означен со ознаката **“ФИНАНСИСКА ПОНУДА”** и називот на понудувачот.

**1.1** Во ковертот кој ќе ја содржи **ТЕХНИЧКАТА ПОНУДА** потребно е да се достават:

i. А лиценца за машинство за изведувач на градби од прва категорија;
ii. А лиценца за машинство за надзор на градби од прва категорија;
iii. Листа на сертифицирани заварувачи и копии од сертификатите
iv. Изјава за овластено лице за Здравје, Безбедност и Животна средина
v. Копија од важечки сертификат за техничка исправност на дигалка, скеле или друг вид на опрема која би се користела при изведување на активностите на висина
vi. Копија од лиценца на операторите со дигалка, со скеле или друг вид на опрема која би се користела при изведување на активностите на висина
vii. Важечки договор со градежна компанија која ќе ги изведува градежните работи како подизведувач на понудувачот, согласно спецификацијата. Градежната компанија потребно е да биде одобрена од ОКТА.
viii. За Градежната компанија потребно е да се достават следните документи:
   - А лиценца за градежништво за изведувач на градби од прва категорија;
   - А лиценца за градежништво за надзор на градби од прва категорија;
   - Изјава за овластено лице за Здравје, Безбедност и Животна средина
   - Доказ за соодветна опрема за асфалтирање и нивелирање на подот на резервоарите
ix. Доказ за вработените на понудувачот и вработените на неговиот подизведувач, ако има, дека поседуваат важечко здравствено осигурување, како и соодветна проценка на ризик на работни места
x. Технички опис (процедури, постапки, материјали итн.) согласно техничката документација (Material Requisition-Jet Tanks) прилог на ова барање
xi. Временски распоред за извршување на потребните активности дадени во спецификацијата. **Проценето време од ОКТА за извршување на активностите за трите (3) резервоари е петнаесет (15) месеци**
xii. Гарантен период на изведените работи. Најмалку 12 месеци од прифаќање, потпишување на градежната книга од двете страни
xiii. Референтна листа (за понудувачот и подизведувачот, ако има) на изведени исти или слични проекти

**Сите горенаведени документи треба да се потпишани од одговорното лице и заверени со печат на Понудувачот.**

*Доколку понудувачот дел од работата ја префрли на негов подизведувач, задолжително да биде наведено во понудата за кој дел од спецификацијата ќе биде користен подизведувач и името на компанијата подизведувач.*

ОКТА го задржува правото да ја одбие техничката понуда и да не ја отвори финансиската понуда доколку сите документи наведени во точка 1.1 не се доставени во рокот за доставување понуди или во дополнително продолжениот рок. Во ваков случај, финансиската понуда нема да биде отворена.

### 1.2 Во ковертот кој ќе ја содржи ФИНАНСИСКАТА ПОНУДА потребно е да се достават:

- Понудувачите треба да достават единечни цени за активностите наведени во Спецификацијата која е дел од целокупната тендерска документација, која ќе ви биде доставена по Ваша потврда за учество на тендерот.

## 2 КАЗНИ

Понудувачите се поканети да ги прифатат условите опишаните во приложената Техничка документација, која е дел од овој повик. Прогресот на активностите на добавувачот ќе се следи во текот на целиот период на договорот и ќе биде поврзан со казните што треба да се наметнат во случај кога договорените услови не се исполнети.

Казните се детално утврдени во предлог-договорот што треба да се потпише, и се во износ од **0,2%** од вредноста на договорот, за секој ден на пречекорување на рокот по соодветната активност, но не повеќе од **5%** од вредноста на договорот.

Висината на казната, доколку ја има, ќе биде задржана од идното плаќање кон Изведувачот на работите.

Неприфаќањето на овие услови ќе биде предмет на преговарање на тендерот на понудувачот како целина.

**ОКТА го задржува правото да ги дисквалификува понудувачите кои не прифаќаат еден или повеќе од условите наведени во повикот за понуди, вклучувајќи ги и одредбите од предлог договорот.**

## 3 ВАЛИДНОСТ НА ПОНУДИТЕ

Понудите е потребно да имаат валидност најмалку деведесет (90) работни денови од денот на поднесување на понудите.

## 4 ПРЕГОВОРИ

По завршена евалуацијата на понудите, ОКТА го задржува правото да пристапи во преговори со претпочитаните понудувач/понудувачи за да склучи договор.
Во текот на оваа фаза, ОКТА може да побара од тие понудувачи да доставаат ревидирани финансиски понуди во согласност со инструкциите што ќе им бидат доставени на тие понудувачи од ОКТА. Ревидираните понуди може да се доставаат и преку е-аукција, според упатствата од ОКТА.

## 5 ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ

Проценетиот период за завршување на проектот (трите резервоари) е петнаесет (15) месеци од испраќањето на писмото за доделување на работата. Согласно моменталните услови за работа, активностите ќе се извршуваат поединечно на секој резервоар. ОКТА го задржува правото, во согласност со моменталните потреби за употреба на резервоарите предмет на ова барање, да го промени термин планот. На понудувачите ќе им биде доставен термин план (во mpp формат) изготвен од страна на техничкиот тим на ОКТА, а во истиот понудувачите е потребно да го наведат времето (во денови) за извршување на секоја активност поединечно.
Термин планот потребно е да се изработи за сите три резервоари, и истиот ќе биде детално обработен само со добитникот на тендерот.

**Напомена:** Во термин планот се наведени сите активности потреби за завршување на проектот, а кои не се дел од ова барање. Понудувачите е потребно да го наведат времето проценето за извршување само на оние активности обележани со жолта боја.

## 6 НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Плаќањето на фактурите ќе биде во три (3) фази, односно после завршување на активностите и потпишување на градежна книга од двете страни, за секој резервоар поединечно.
Фактурите ќе се плаќаат во рок од четириесет ( 40 ) дена од приемот .
За секој друг предложен начин на плаќање ќе се преговара за понудата на понудувачот како целина.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

- Цената на понудата да биде изразена во МКД без ДДВ (Понуди во друга валута нема да се разгледуваат).
- Нашите услови на плаќање се „ 40 дена од датумот на фактурата", ако е поинаку да се наведе во Вашата понуда. Давателот на услуги е согласен и прифаќа да не пресметува законска казнена камата доколку, според планот (интерните процедури) на плаќање на корисникот на услуги, плаќањето биде извршено по датумот на доспевање на фактурата, но не повеќе од пет (5) работни денови по тој датум.
- Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право да избере дел од понудата, во случај на повеќе позиции, да го избере најуспешниот понудувач, кој не мора да биде со најниска понуда, да ги отфрли понудите кои ги смета како незадоволувачки, да го отповика или поништи тендерот.
- По завршување на тендерската постапка, ОКТА АД Скопје навремено, но не пред потпишување на договорот со добитникот, ќе ги извести компаниите-учеснички чија понуда не е избрана. Сепак, ОКТА АД Скопје не се обврзува да го оправда одбивањето на нивните понуди.
- Компаниите кои учествуваат во процесот на оваа покана и поднесуваат понуда, без разлика дали нивната понуда е конечно прифатена или не, нема да стекнат никакво право против ОКТА АД Скопје од оваа покана и нивното учество во неа.
- Понудувач прифаќа дека ова Барање понуда не ја обврзува ОКТА на ниту еден начин ОКТА нема да има одговорност или обврска во ниеден случај да ги обесштетува понудувачите за каков било трошок или штета која ќе ја претрпат за подготовка и поднесување на нивната понуда.

**Понудата да се достави во затворен коверт, со назнака**
**"НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 1420/22.**
**Понудата да биде во архивата на ОКТА пред или на 12/12/2022.**

Понудата може да се достави лично во архивата на ОКТА или по пошта на адреса:
ОКТА АД - Скопје
Ул.1 бр.25, н.м. Миладиновци, Општина Илинден
П.Ф. 66, 1000 Скопје

**Понудите кои не се доставени во согласност со горенаведените услови нема да се разгледуваат.**

Поздрав,
Тони Вељановски

Менаџер на набавки
Александар Димитриевски